Акционерско друштво за осигурување и реосигурување
МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп
УПРАВЕН ОДБОР
Број 02 - 4325/2
29.04.2022 г.

Врз основа на член 384 став 1 од Законот за трговските друштва, член 21 став 1 од Статутот на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување "МАКЕДОНИЈА" Скопје - Виена Иншуренс Груп (Друштво), член 163 став 1 точка 1 од Законот за супевризија на осигурување, Управниот одбор на Друштвото, на својата 551[та] редовна седница, одржана на 29.04.2024 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**за свикување на Годишно собрание за деловната 2023 година**

1. Се свикува Годишно собрание на Друштвото за деловната 2023 година.
2. Седницата на Годишното собрание се свикува согласно одредбите од Законот за трговските друштва преку објавување на јавен повик со содржина која се однесува на друштво чии акции котираат на берза, односно на друштво кое согласно одредбите од Законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување.
3. Годишното собрание ќе се одржи на ден **31.05.2024 година (ПЕТОК)**, во Скопје, во седиштето на Друштвото на ул.11 Октомври Бр.25, со почеток во **08.00 часот**.
4. Оваа Одлука, заедно со Јавниот повик за свикување на Годишното собрание за деловната 2023 ќе се објават на СЕИ - НЕТ системот на Македонската Берза за Хартии од вредност согласно Правилата за котација.
5. За донесувањето на оваа ќе се извести Агенцијата за супервизија на осигурување.
6. Оваа Одлука, заедно со Јавниот повик од став 2 ќе се објават на насловната страница на официјалната интернет страница на Друштвото.
7. Јавниот повик, од став 2, со содржина на дневен ред, е составен дел на оваа Одлука.
8. Се задолжува Бошко Андов, Претседател на управниот одбор на Друштвото да ги преземе сите неопходни дејствија предвидени во Законот за трговските друштва и Статутот на Друштвото, а со цел одржување на предметното собрание.
9. Со стапување во сила на оваа Одлука престанува да важи одлуката за свикување на годишно акционерско собрание за 2023 година бр.02-4265/2 од 26.04.2024 година.
10. Оваа Одлука стапува во сила на денот на нејзиното донесување.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:**

Согласно член 384 став 1 од ЗТД, како и во членот 21 став 1 од Статутот на Друштвото, е нотирано дека Годишното собрание го свикува органот на управување на друштвото во рокови определени како во споменатите членови. Членот 408 од Законот за трговските предвидува дека одлуката која е донесена на собрание кое не е свикано во согласност со одредбите од законот и одредбите од статутот на друштвото е ништовна. Од причина што согласно одредбите од Законот за хартии од вредност Друштвото е со посебни обврски за известување, седницата на Годишното собрание ќе се свика согласно одредбите од Законот за трговските друштва кои се однесуваат на друштва со посебни обврски за известување.

Во членот 163 став 1 точка 1 од Законот за супервизија на осигурување е предвидена обврска за редовно известување на Агенцијата за супервизија на осигурување во случај на свикување на собрание на акционери на Друштвото. Членот 39 став 3 од Правилата за котација определуваат дека издавачите од сите подсегменти се должни да го објават јавниот повик за одржување на собрание на акционери на насловната страница од својата официјална интернет страница, во најмалку еден дневен весник, како и на интернет страницата на Берзата преку СЕИ - НЕТ системот.

Поради претходно споменатото се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

УПРАВЕН ОДБОР
**Претседател на управен одбор**

Бошко Андов